Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 април 2018 година.

Бр. 08-2458/1
4 април 2018 година
Скопје

Претседател на Република Македонија
Ѓорѓе Иванов, с.р.

Претседател на Собранието на Република Македонија
м-р Талат Џафери, с.р.

**ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Службен весник на Р. Македонија бр.64 од 11.04.2018 година**

**Член 1**

Во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ број 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 48/15 и 55/16), во член 31 став (4), точка 5 во алинејата 4, став (5), точка 5 во алинејата 4 и став (6), точка 5 алинеја 4 сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:.
„- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)“.
Во ставовите (4), (5) и (6) точката 6) се брише.

**Член 2**

Одредбите од член 31 став (4), точка 5), став (5), точка 5) и став (6), точка 5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ број. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 48/15 и 55/16) и одредбите од член 1 од овој закон со кој во член 31 став (4), точка 5, став (5), точка 5 и став (6), точка 5 по алинеја 5 се додава нова алинеја 6 , нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 3**

Претседателот, заменик-претседателот и членовите на Комисијата кои се именувани во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, се должни да го исполнат условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на нивното именување.
На претседателот, заменик-претседателот и членот на Комисијата кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во став 1 на овој член му престанува мандатот.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.